

Власта вечерва ги корегираше бројките на новозаразени од коронавирусот во Македонија. Како 67 станаа 76 ново заболени. Тоа се човечки животи, а не бројки.

Дали власта ги фингира бројките и со јавноста споделува фингирани извештаи за бројот на заболени во државата, со задни намери и остварување на политички цели?

Дали намерно се дозира бројот на заболени со цел да создадат привидна состојба на контрола над ситуацијата и да се затскрие фијаското кое Владата на СДСМ го доживува во борбата со заразата?

Нема да не изненади ако се потврдат некои шпекулации дека власта крие новозаболени и ги дозира со цел да не се добие впечаток дека нема услови ни на 5-ти јули да се одржат избори и да се исполнат инструкциите на Зоран Заев за да се креира лабава атмосфера на новото нормално.

Срамно е со една таква леснотија да се споделуваат вакви сензитивни информации со јавноста, заборавајќи дека станува збор за човечки животи, судбини, стравови и сериозни предизвици со кои се соочуваат македонските граѓани.

СДСМ уште од првиот момент на ширење на епидемијата се занимава со политика наместо со заштита на здравјето на граѓаните.

**За власта политичката кариера на неколкумина е поважна од животите на**

**македонските граѓани. Народот гледа, народот гласа, народот казнува, а најголемата казна следува на следните избори кои ќе стават крај на криминалната политичка кариера на Зоран Заев.**

**ВМРО-ДПМНЕ**